**З А П И С Н И К**

**од 4-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово**

**одржана на 01.12.2025 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Марија Чурлинова.

На седницата присутни беа сите членови на Советот на Општината и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Општина Валандово и Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 4-тата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2025 година;
2. Предлог – Одлука за измена на Одлуката за формирање на Општинска Комисија за процена на штети од елементарни непогоди и за избирање на претседател и членови на Комисијата;
3. Предлог – Решение за назначување на вршители на должност - членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово;
4. Предлог – Решение за назначување на вршители на должност - членови на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово;

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Никој друг не се јави со предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред, па истиот беше ставен на гласање и едногласносо 15 гласа ЗА беше усвоен.

Беше отворена расправа по записниците од 1-ва, 2-ра, 3-та  редовна седница и од 1-ва вонредна седница.

Никој не се јави за збор и истите беа ставени на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА .

ТОЧКА 1

По Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2025 година образложение даде Раководителот на Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата  беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА .

ТОЧКА 2

По Предлог – Одлуката за измена на Одлуката за формирање на Општинска Комисија за процена на штети од елементарни непогоди  и за избирање на претседател и членови на Комисијата,  претседателот на Комисијата за мандатни прашања Мартин Мишков зема збор. Даде образложение дека членот на Комисијата за штети од елементарни непогоди Марија Петкова си поднесе оставка и на нејзино место се предлага Глигор Удовалиев.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА

ТОЧКА 3

По Предлог – Решението за назначување на вршители на должност - членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово повторно претседателот на Комисијата за мандатни прашања Мартин Мишков зема збор. Рече дека по предлог на градоначалникот  Ѓоко Камчев, за ВД членови на УО на ЈП,,Комунален сервис,, се предлагаат:Драги Ѓеоргиев, Николче Чурлиновски, Валентина Накова,Пепита Маркова и Драган Чочков.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со15 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Предлог – Решението за назначување на вршители на должност - членови на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово претседателот на Комисијата за мандатни прашања

Мартин Мишков зема збор. Рече дека по предлог на градоначалникот Ѓоко Камчев, за ВД членови на НО на ЈП,,Комунален сервис,, се предлагаат: Роберт Марков, Горан Ѓоргиев и Милош Кецојевиќ.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со15 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше затворена.

Записничар

С.Х.Јовановиќ

Совет на ОпштинаВаландово

Претседател

Марија Чурлинова